REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT/РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
UNIVERSITETI I TETOVËS / УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО / UNIVERSITY OF TETOVO
zyraperarsim@unite.edu.mk, tel.: 0389 44 356 507, Tetovë, 1200

Врз основа на член 79-а од Законот за основно образование, член 59 од Законот за средно образование, член 141 од Законот за високо образование, Правилник за начинот и условите на следењето на наставата, полагањето на испитите и стекнување за педагошко-психолошка и методска подготовка на Педагошкиот Факултет, одлуката бр. 02-2193/1 од Ректорската управа одржана на 05.07.2019, Универзитет во Тетово објавува:

# КОНКУРС

за запишување на кандитати во **педагошко-психолошка и методска подготовка** на Педагошкиот Факултет во Тетово

## I. Пријава, запишување и податоци за студии

Право на запишување имаат сите кандитати кои имаат завршено соодветни академски студии од прв циклус кои немаат наставна насока. Со запишување на студиите кандидатот се стекнува со статус на кандидат за стекнување дополнителни квалификации, односно педагошко-психолошка и методска подготовка. Овој цклус на студии се организира во траење (1) еден семестар, според критериумите на ЕКТС.Со завршување на овие студии, кандидатот се стекнува со **30 ЕКТС** кредити. Кандидатите запишани на педагошко-психолошка и методска доквалификација пред донесување на Правилникот за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи (Сл. Весник бр. 56 од 27 март 2014 година), можат да ги довршат студиите со полагање на трите предвидени предмети (педагогија, психологија и методика), дополагање на два изборни предмета од новата студиска програма за психолошко-педагошка и методска подготовка и изведување на 45 дневна практична настава во средно/основно училиште. Педагошкиот Факултет ќе донесува одлука за минималниот потребен број на запишани кандитати за почеток со настават во овој циклус.

## II. Реализација на студиите

Педагошко-психолошка и методска подготовка ќе се реализира за следниве предмети:

| Бр. | Предмет | ECTS | Статус |
|---|---|---|---|
| 1 | Педагогија | 5 | Задолжителен |
| 2 | Психологија | 5 | Задолжителен |
| 3 | Методика | 5 | Задолжителен |
| 4 | Училишна докимологија | 4 | Изборен |
| 5 | Училишна организација | 4 | Изборен |
| 6 | Етика во образованието | 4 | Изборен |
| 7 | Методика на воспитна работа | 4 | Изборен |
| 8 | Педагошка комуиникација | 4 | Изборен |
| 9 | Интеркултурно и мултикултурно образование | 4 | Изборен |
| 10 | Педагошка практика (45 дена) | 7 | Задолжителен |

Кандитатот избира 2 изборни предмети.

## III. Рокови и документација

| | |
|---|---|
| **Пријава** (онлајн: www.unite.edu.mk и на Педагошки Факултет) | **2-13.09.2019** |
| **Одлука за прием** (ќе се објавува на Педагошки Факултет ) | **17.09.2019** |
| **Запишување на примени кандитати** | **18-27.09.2019** |
| *Кандитатите кои нема да се запишуваат ќе г губат добиениот статус.* | |

## IV. Документација за пријава:

1. Пријавен лист (во просториите на Филозофски Факултет)
2. Диплома за завршените студии (нотеризирана)
3. Извод од матичната книга
4. Уверение за државјанство
5. Потврда за работен однос

a) Потврда за исплата за 1050 денари во жиросметката на Универзитетит: во име на административни трошоци.

Примените кандитати, за запишување треба да доставуваат во административната служба на Педагошкиот Факултет:

1. Три фотографии (6 x 9 и еден – 4 x 5 c. m.)
2. Пријавен лист за запишување
3. Потврда за исплата:

a. 250 евра: за запишувањ е на студии

Сите горенаведени уплати да се реализираат на жиро-сметката на Универзитетот, на следниот начин:

- во „**назив на примачот**“ - Државен универзитет во Тетово,
- во „**банка на примач**“ - Народна банка на Р. Македонија,
- во „**сметка**“ – **100000000063095**,
- во „**износ**“ – износот на финансиските средства што треба да се уплатат,
- во „**сметка на буџетски корисник – единка корисник**“ – **1600160054 788 10,**
- во „**приходна шифра и програма**“ – **723019 43**, а во „начин“ – 2.
- во „**повикување на број – задолжување**“ - соодветниот број според подолу наведените повикувачки броеви на поодделните факултети:
  - 723019 – 06: Филозофски факултет,
- во „**цел на дознака**“ - целта на уплатата (пример: административни трошоци, проверка на знаења и умеења, семестар и др.)

Конкурсот ќе биде објавен на интернет- страницата: **http://www.unite.edu.mk**